

ДА ЈА ЗГОТВИМЕ РЕВОЛУЦИЈАТА ЗАЕДНО!

ВОДИЧ

за основање на конвивиум



Издавач: Slow Food Macedonia © 2019

Уредници: Василка Стефановска,
Николче Николовски

Соработник: Елена Каровска Гошевска

Дизајн и графичко уредување:
Горан Трсунов

Фото кредит: © Slow Food архива,
Different photography,
Иво Данчев

Печати: Бабук, Битола
Тираж: 100 примероци

ДА ЈА ЗГОТВИМЕ РЕВОЛУЦИЈАТА ЗАЕДНО!

Водич за основање на конвивиум

СОДРЖИНА:

1.Вовед..... 5
2.Најпрво: иницијатива 9
3.Чекори за основање 11
4. Регистрација како здружение на граѓани 17
5.Активности на конвивиумот 19
6.Координација и поддршка од националната организација 21
7.Прилози..... 22





1. ВОВЕД

Конвивиум претставува автономна локална организација на членови на Слоу Фуд која делува во локалната средина и заедница. Конвивиумите ја претвораат филозофијата на Слоу Фуд за „добра, чиста и правична храна“ во реалност, преку поставување цели и реализирање активности за подигање на важноста на прашањата поврзани со храната во секојдневниот живот. Тоа го постигнуваат преку организирање на локални настани и дружби за членовите на Слоу Фуд каде дискутираат и го споделуваат задоволството од локалната храна, притоа воспоставувајќи врски со производителите.

Овој водич има за цел да објасни што претставува конвивиум и како да се основа во локалната заедница, чекорите во процесот на воспоставување и прашањата кои се наметнуваат пред идните членови. Тој е алатка која ве води низ процесот на основање конвивиум, но и потребните административни чекори и процедури.

Како организација поддржувана од членовите, Слоу Фуд би имала мало значење без луѓето во неа, кои преку локални акции се обидуваат: да го вратат задоволството на трпезата, да ги едуцираат консументите, да го зачуваат агробиодиверзитетот, да изградат силни заедници на храна и да креираат локален систем кој обезбедува добра, чиста и правична храна за секого.
При придружувањето во Слоу Фуд, секој член станува дел од локалниот конвивиум, во кој членуваат производители на храна од локалната заедница, ко-производители (консументи), занаетчии-мајстори, експерти и истражувачи, студенти, готвачи, новинари, активисти, и многу други.

Секој конвивиум е оригинален на свој начин, бидејќи за тоа придонесуваат членовите со нивните идеи и делување, како и регионот во кој се активни, неговите жители, култура и традиции за храна.

Членовите и активистите се суштински важни за Слоу Фуд, бидејќи преку сопствените практики ги внесуваат начелата на Слоу Фуд во секојдневниот живот.

Она што е заедничко за сите членови е нивната желба да ја воведат Слоу Фуд во нивните заедници, преку:

- активности за заштита на автохтони видови, сорти и раси; автентични производи и рецепти во локалната средина;
- поврзување со локални производители на храна и нивна подршка преку проекти, настани или партнерства;
- подигање на училишни градини и воспоставување на други едукативни програми, како сензорна едукација или Слоу Фуд во училишната кујна;
- организирање на дегустации, предавања, курсеви и конференции;
- здружување на луѓето за да се прослават уживањето и задоволството кои ги нуди храната
- мотивирање на прозводители да учествуваат на настани и саеми и
- охрабрување на готвачите да користат локална храна.

Воспоставувањето на конвивиум претставува начин за споделување на филозофијата на Слоу Фуд во локалната заедница, преку негување и почитување на задоволството и квалитетот на храната.

Конвивиумите како основна клетка во мрежата на Слоу Фуд

Основана од страна на Карло Петрини во 1986 година, Слоу Фуд прерасна во меѓународно движење во 1989 година. Денес, со проширувањето на мрежата Тера Мадре (Terra Madre), оваа организација брои 100.000 членови во повеќе земји ширум светот и членови во 160 земји.

Слоу Фуд верува во важноста на задоволството од храната. Треба да научиме да уживаме во разновидноста на вкусови и рецепти кои нам ни се достапни. Да ги запознаеме местата од каде потекнува храната што ја јадеме, како и луѓето кои ја произведуваат. Да ја почитуваме и смената на годишните времиња, како и поднебјата. Да уживаме додека јадеме, а задоволството да го споделуваме и со другите.

Интересно е што рецептот развиен од Карло Петрини и другите членови на Слоу Фуд, додава уште една состојка во потрагата по задоволство: одговорност. Овој модел е наречен еко-гастрономија и ги комбинира почитта кон интересот за храната и пијалаците со одбраната на храната и агробиодиверзитетот ширум светот.

Слоу Фуд ја истакнува потребата од едукација за вкусовите и тренинг на сетилата. Ова е најдобрата одбрана против лошиот квалитет и фалсификување на храната и пијалаците и одбрана против навлегувањето на брзата храна во нашиот начин на исхрана. Организацијата делува да ги заштити националните кујни, традиционалните производи како и растителните и животинските видови кои се под ризик од истребување.

Слоу Фуд поддржува нов модел на одржливо земјоделство, заснован на знаењето и традиционалните методи. Ова е единствен тип на земјоделство кој што може да им понуди развој на најсиромашните места на нашата планета. Поради овие причини, Слоу Фуд е посветена на зачувување на традиционалната храна, како и примарните производи и методи за одгледување и преработка. Организацијата се стреми и кон одбрана на биодиверзитетот на различните припитомени/култивирани, но и на диви видови, како и заштита на населените места и пејсажи кои поседуваат историска, уметничка и општествена важност и претставуваат дел од нашето културно наследство.

Слоу Фуд има различен пристап кон овие проблеми. Примарната цел на организацијата беше да го зачува гастрономското задоволство и да иницира побавен и попретпазлив начин на живот. Но, организацијата ги прошири своите цели давајќи им предност на квалитетот на животот и националниот идентитет. Денес, се стреми кон признавање на историјата и културата на секоја општествена група преку комуникација и рамномерна културна размена. Дали за пример ќе одберете овошје или традиционална храна, во ниеден случај неможете да ја изоставите врската со историјата , културата и средината од која што потекнува храната .

Слоу Фуд ја истакнува важноста на земјоделското производство и одгледувањето на животни во благосостојба, со почит кон природата и размената со екосистемот кој не опкружува. Затоа Слоу Фуд е дефинирано како движење на еко-гастрономи.

Конвивиумот како модел за заедница

Членовите на конвивиумот градат врски, во форма на локална заедница, која е одраз на една нова идеја за „локална економија“ базирана на храна, земјоделство, екологија, традиција и култура.

Оваа локална заедница се промовира како јадро околу кое започнува да се гради мрежа на сите чинители на локалниот систем на храна, започнувајќи од производство (земјоделци, сточари, занаетчии), дистрибуција (локални продавачи, пазари, готвачи и ресторани) до крајни консументи со водење на грижа за сите пропратни елементи на системот: транспорт, енергија и управување со отпад, кои имаат влијание врз животната средина. Притоа тенденцијата е за скратување на синџирот на дистрибуција на храната. Конвивиумот како локална заедница ја применува филозофијата на Слоу Фуд за „добра, чиста и правична храна“ на локално ниво и во секојдневниот живот!





2. НАЈПРВО: ИНИЦИЈАТИВА

Зборот конвивиум е „кованица“ од латинските зборчиња con (co) + vivere (живее), што се подразбира „да се живее заедно“ и го нагласува соживотот и споделувањето кои лежат во самата основа на филозофијата на Слоу Фуд. Конвивиумите претставуваат локални огранаци на Слоу Фуд, кои ги сочинуваат индивидуални членови на Слоу Фуд. Секој нов член се зачленува во конвивиумот кој е најблиску до него.

Сите конвивиуми имаат еднаква мисија, која опфаќа: зачувување и славање на локалните гастрономски традиции, заштита на локалниот биодиверзитет, едукација за храна, поврзување на локалните производители со консументите. Со взаемна поддршка на членовите во заедницата и заедничко делување на целата мрежа, пораките за промени ќе делуваат посилно и помоќно во јавноста.

Зошто е важен конвивиумот? Зошто да се основа? Што ќе придонесе за локалната средина?

Идејата за основање на конвивиум е да се реализираат заедничките цели во согласност со целите на Слоу Фуд.
Статутот на меѓународната организација Слоу Фуд ја дефинира улогата на конвивиумот како што следи:

- да ја промовира филозофијата на организацијата;
- да развие локална мрежа од индивидуалци кои ги делат истите принципи на Слоу Фуд и кои работат за нивно ширење;
- да го прошири организациското присуството на организацијата преку регрутација на повеќе членови;
- да воспоставува врски и соработка со институции, кооперативи, асоцијации на производители и медиуми, со цел да придонесе за развојот на одржливи системи за храна и јакнење на свеста за производството на храна;

- да соработува со други организации или субјекти за заштита на животната средина и природата, како неопходен услов за зачувување на гастрономското наследство, како и за зачувување и промовирање на традиционалното знаење и разновидните форми на популарна култура;
- да воспостави и одржи врски на пријателство и соработка со други конвивиуми;
- да имплементира активности за промоција и подршка за меѓународни, национални и локални проекти на конвивиумот.

Критериуми за основање на конвивиум

- Постоење на иницијатива од најмалку една година со 10 члена;
- Дефиниран регион на делување и потенцијали на истиот со производители, производи, како и други чинители од локалниот систем на храна;
- Обезбедување на локална поддршка од локални власти, училишта, компании, производители во регионот на делување;
- Обезбедување на менторска улога од страна на други конвивиуми и поединци на било каков начин вклучени во работата на Слоу Фуд;
- Градење врски на доверба и комуникација со националната организација со цел градење на капацитетите и знаењето за Слоу Фуд на групата.

Конвивиумите на Слоу Фуд настојуваат сите активности да се спроведуваат на инклузивен начин т.е. вклучување на сите и на тој начин се осигурува еднаква можност и претставува покана за сите да учествуваат во настаните и активностите.



3. ЧЕКОРИ ЗА ОСНОВАЊЕ

Доколку се одлучи да се изоди патот за регистрација на конвивиум, потребно е да се „изодат“ следните чекори:

3.1.Од поединци до група

Тоа мора да бидат индивидуалци (не компании или други типови на правни субјекти) кои своето лично поимање, разбирање и делување во секојдневниот живот го препознаваат и идентификуваат со делувањето на Слоу Фуд. Овие луѓе треба да сакаат активно да ја имплементираат филозофијата на Слоу Фуд во пракса.

За да се отпочне процедурата за отворање на нов конвивиум, мора да биде составена група од најмалку десет луѓе.
Овие десет луѓе го претставуваат основачкиот одбор во понатамошната постапка.

Членовите на основачкиот одбор, мора да бидат идни членови на Слоу Фуд. Своето членување ќе го регулираат на основачкото собрание.

3.2.Запознајте се подобро

Поканете некој од националната организација, лидер на блискиот конвивиум или некој искусен член на Слоу Фуд, кој ќе ви презентира и сподели искуства и ќе ви помогне да одржите презентација и предавање или состанок со членовите на основачкиот одбор.
Прашувајте го гостинот и дискутирајте за сè што ве интересира и би можело да најде место како идеја во новиот конвивиум.

3.3.Формализирајте ја иницијативата

Тргнете во формализирање на иницијативата за отворањето на вашиот конвивиум.
За таа цел потребно е да се исконтактира со централната канцеларија за Македонија, на info@slowfood.mk.
Од националната организација, ќе ви достават формулар со **Барање за основање на конвивиум.**

Конвивиумот како форма на „грас-рут“ организација

Грас-рут организација е самоорганизирана група на поединци кои работат за заеднички интереси, заснована на волонтерски активности, произлезена од потребите на локалните жители или како иницијатива за решавање на одредени прашања или проблеми во локалната заедница.

Грас-рут организациите обично имаат низок степен на формалност. Формалноправно тоа може да биде неформална граѓанска иницијатива или регистрирано здружение на граѓани кои делуваат во локалната заедница и на одредена територија.

Конвивиумите се грас-рут организации на членови на Слоу Фуд, кои се обединети околу филозофијата на движењето на Слоу Фуд со цел делување во локалната средина.

Потоа закажете состанок со членовите на иницијативата, на кој ќе го разгледате Барањето и ќе го дополнете со бараните податоци. Формуларот ве води и инспирира во вашите размислувања и идеи за идните активности.

3.4.Дефинирајте го новиот конвивиум

Закажете прв состанок, може да се одржи по ваш избор било каде и било кога, со членовите на основачкиот одбор и секој, кај кого може да побуди интерес. Прашања кои треба да се постават и дискутираат на овој состанок би биле:

- Која би била целта на нашиот конвивиум?
- Што посакуваме да постигнеме?
- За кои типови на активности, програми и настани би биле заинтересирани да работиме?
- Какви интереси за храна се застапени меѓу членовите на групата и во регионот?
- Со кои локални производители, ресторани и организации, би можеле да изградиме партнерство?

Како резултат на дискусијата ќе произлезат и одговорите во прашалникот од Барањето за отворање на конвивиум, кој потоа присутните заедно би го одговориле и потпишале.

Од прашањата кои ќе се дискутираат, ќе произлезат и битни одговори поврзани со некои од значајните обележја на конвивиумот:

- името на конвивиумот:
- регионот на делување
- расположивите ресурси и
- идеи кои би се реализирале

Име на конвивиумот

Називот на вашиот конвивиум треба да ја содржи географската област на локалниот регион или град, во кој што живеете и во кој што ќе ги спроведувате активностите на Слоу Фуд. На пример, град, село, или назив на голем град, општина или регион од државата. Доколку отворите конвивиум во голем град (според генералниот правилник на Слоу Фуд, повеќе од 300,000 жители, во нашиот случај Скопје) вие мора да додадете нешто до името на вашиот град – соседна област, предградие, зона или кварт на големиот град (пример во Македонија: „Слоу Фуд Водно“, Скопје, пример од светот: “Slow Food Paris Terroirs du Monde“_бидејќи може да постојат други конвивиуми во областа или други конвивиуми кои ќе се отворат во иднина.

Регион на делување
Зависно вашите амбиции, географската распределеност на членовите во основачкиот одбор, ресурсите кои ви се на располагање, потребно е да ги определите границите на делување на новиот конвивиум. Границите дефинирајте ги во рамки на регионот, општината или заедно со соседните општини. Битно е да се јасно определени и исцртани и да не се преклопуваат со соседните конвивиуми.

Расположиви ресурси
Сè она што е на располагање и може да биде ставено во функција на воспоставување на конвивиумот и градење на неговите капацитети треба да се разгледува како ресурс.
Доколку станува збор за финансиски средства, треба да се запазат насоките во **Правилник за прибирање на фондови.**

Документот на Барањето испратете го на разгледување до Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија.
По добивање на потврден одговор со одобрување на барањето за отворање на нов конвивиум, се продолжува постапката со свикување на основачко собрание.
Националната организација се вклучува со инструкции во подготовката на собранието и потребните документи. Со нејзина поддршка се изготвува и програма за делување и активности на конвивиумот.

3.5. Основачко собрание

За да се свика основачко собрание на новиот конвивиум потребно е да има минимум 10 -15 членови.
Одржете подготвителен состанок за основачкото собрание, утврдете го дневниот ред, утврдете листа на идни членови на конвивиумот и гости до кои воедно ќе испратите и покана.
Испратете покана и до пошироката јавност. Информирајте ги локалните медиуми, промовирајте го собранието со идејата на иницијативата.
Назначете одговорни лица на собранието кои ќе го регулираат зачленувањето, давањето на податоци и листа на присутни членови кои ќе имаат право на глас за време на собранието.
Повеќе за начинот на свикување и организирање на работата на собранието и носењето на одлуки, може да прочитате во **Деловник за собрание на конвивиум.**

Дневен ред на собранието

1. Именување на претседавач и преседателство на собранието од 5 члена;
2. Назначување на записничар на собранието;
3. Презентација на организацијата Слоу Фуд и Слоу Фуд Македонија;
4. Донесување на одлука за основање на конвивиумот;
5. Разгледување и донесување на Статут на конвивиум на Слоу Фуд и Протокол за конвивиум;
6. Презентација и донесување на Програма за делување и активности на конвивиумот;
7. Предлагање на кандидатури и избор на Лидер на конвивиумот;
8. Предлагање на кандидатури и избор на членови на Управен одбор на конвивиумот;
9. Разно.

Важна задача на основачкото собрание е предлагање и избор на Лидер и Управен одбор на конвивиумот.

Избор на лидер на конвивиум

Основачкиот одбор при предлагањето на кандидат за лидер, да се води од следните насоки и критериуми:

- Лице со лидерски способности, добар организатор, активистички дух и искуство во претходни ангажмани
- Ги познава локалните производи и традиции поврзани со храната
- Професионална поврзаност со храна
- Ја разбира на практично ниво филозофијата на Слоу Фуд и ја застапува и пренесува на други лица
- Има визија за развој на конвивиумот и градење на локалната заедница

Лидер на конвивиумот

Лидерот е движечката сила која стои зад конвивиумот. Тој го претставува конвивиумот и е негов репрезент во јавноста и пред институциите, но истовремено тој ги координира активностите на конвивиумот и одржува комуникација со Слоу Фуд Македонија. Лидерот е застапник на конвивиумот и го претставува и застапува конвивиумот во правниот промет и има права и должности на финансиски налогодавец. Неговите задолженија подетално се опишани во **Протоколот за конвивиум** и **Статутот на конвивиум**.
Функцијата Лидер на конвивиум е на доброволна основа и волонтерска и неговиот мандат е четири години.

Управен одбор

Управниот одбор (УО) на конвивиумот е раководен и оперативен орган на конвивиумот и извршен орган на Собранието на конвивиумот.
Во Управниот одбор најчесто се одбираат активисти кои го формираат основачкиот одбор и го организираат првото собрание. Управниот одбор го сочинуваат 5 или 7 члена, во зависност од бројноста на членови во конвивиумот и активисти кои сакаат да се вклучат во УО. Во оваа бројка е вклучен и лидерот.
На првиот состанок на УО, после изборот, се избираат следниве позиции : заменик лидер, благајник , секретар, координатор на членство и др. Членувањето во УО е доброволно и на волонтерска основа. Мандатот на членовите на УО е четири години.

Сите членови на собранието потребно е да се согласат со Протоколот за конвивиум (види подолу) со негово одобрување. Членовите на УО потребно е да бидат евидентирани во формата 2 и треба да биде потпишан од лидерот.

Повеќе за начинот на свикување на состаноци, организацијата на работата на Управниот одбор и носењето на одлуки, може да прочитате во **Деловникот за Управен одбор на конвивиум**.

3.6.Подгответе ги и доставете ги документите

Пополнетите документи, потребно за основањето на конвивиумот, во електронска форма се испраќаат на меил до НО:

1. **Записник од основачкото собрание,** комплетиран и потпишан од новиот лидер, записничарот и двајцата оверувачи.
2. **Протокол за конвивиум /Convivium Protocol** – со пополнети податоци за име на конвивиумот, регион на делување, податоци за основачите и потпишано Барањето за авторизација на користењето на логото на Слоу Фуд (Барањето се скенира и се испрајќа последната страна (Part 3 – Request for the Authorization of Logo Use) скенирана, а целиот документ во електронска форма на меил). Овој документ се пополнува во две верзии македонска која се потпишува и архивира во Слоу Фуд Македонија и англиска која преку националната организација се доставува до меѓународната Слоу Фуд организација.
3. **Формулар за членство/Subscription form** со пополнети формулари за сите членови (се испраќа во електронска форма на меил).
4. **Информација** (уплатница) за извршената банкарската трансакција за уплатената членарина.

Доколку ваша цел е и формално здружување и делување на конвивиумот, потребно е да се регистрирате како здружение на граѓани. За таа цел, потребно е да се подготоват документите за регистрација во Централен регистар на Република Македонија, (глава 4).

3.7.Промоција на новиот конвивиум

Откако ќе се одржи основачкото собрание и се основа новиот конвивиум Слоу Фуд Македонија ќе испрати соопштение за печатот, но би било корисно и локалниот конвивиум да одржи прес-конференција со локалните медиуми или пак да ги покани да го проследат основачкото собрание.

За поблиско запознавање на новинарите, кои можеби за првпат во својата работа се сретнуваат со Слоу Фуд, упатете ги повеќе информации да добијат од материјалите наменети за нив: **Слоу Фуд КИТ за новинари,** а поставени во Медија центарот на страницата www.slowfood.mk.

Членовите на новиот конвивиум заедно со гостите и претставниците од Слоу Фуд Македонија организираат прослава за новиот почеток. Вообичаено тоа е коктел или тематска вечера, како симболичен гест и промоција на новото „гастрономско патување“. Ова е важен момент за членството, печатот и јавноста и затоа концептот на овој настан треба да е во согласност со филозофијата на Слоу Фуд.

Целата постапка околу воспоставувањето на конвивиум не е едноставна, но чекор по чекор со луѓе кои се посветени на идејата и со поддршка на поискусните членови од конвивиуми кои веќе го изминале овој пат целиот процес ќе се заврши во најдобар ред.

Се надеваме дека многу скоро ќе соработуваме со вас.


Slow Food®
West Coast
1968



4.РЕГИСТРАЦИЈА НА КОНВИВИУМОТ КАКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ

Слоу Фуд не побарува задолжително секој конвивиум да биде регистриран како правен субјект, односно здружение на граѓани.

Регистрацијата на конвивиумот како здружение на граѓани, го подигнува работењето на конвивиумот на повисоко и посериозно ниво и пред членовите, но и во заедницата, кај сите чинители, јавни и локални власти, институции и локални субјекти и компании кои би биле локални донатори и поддржувачи на активностите.

Регистрацијата треба да се планира уште пред одржувањето на основачкото собрание, но може да се планира да се реализира на следното годишно собрание.

Постапката за регистрација како здружение на граѓани, се реализира по повратната информација за регистрација на конвивиумот во регистарот на Слоу Фуд т.е. потпишаниот Протокол за конвивиум, за што се добива и претходно одобрение од страна на Слоу Фуд Македонија, во текот на процедурата за основање на конвивиумот.

Регистрацијата се врши според Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) во Централен регистар на Република Македонија.

Регистрираното здружение на конвивиумот, значи и поголема одговорност и обврски за лидерот и Управниот одбор, но и поголема транспарентност во работењето.

Конвивиумот како регистрирано здружение на граѓани:

Некои насоки и критериуми кои треба да се следат како обврска при регистрацијата на конвивиумот како здржение на граѓани:

- Собранието треба да ги вклучи следните точки и да ги донеси следните документи, кои се неопходни и во процесот за регистрација во Централен регистар:
  - Донесување на Акт за основање;
  - Донесување на Одлука за основање;
  - Усвојување на Програма за делување;
  - Усвојување на Статут на конвивиумот;
  - Одлуки за избор на органи на конвивиумот.
- Гради сериозна локална мрежа во поддршка на работата на конвиивумот:
  - Најмалку 20 члена во втората година, со што ќе се потенцира развојот и амбицијата на членовите;
  - Ги анимира локалните производители и чинители во заедницата
  - Планирање и реализација на најмалку 5 активности во текот на годината
- Ги применува националните и меѓународните програми и кампањи, како на пример:
  - Поднесени 5 номинации за Арка на вкусови до СФ Фондацијата за биодиверзитет
  - Иницран и номиниран 1 президиум
  - Документирани 10 локални традиции (обреди, материјално и нематеријално наследство, рецепти од локални специјалитети) поврани со локалната храна
  - Анимирање на барем еден локален ресторан и готвач да соработуваат со локалните производители и да ги промовираат
- Редовно одржува состаноци на УО, изготвува записници од нив со цел градење на транспарентност и
- Изготвува и поднесува завршна сметка за своето финансиско работење
- Води уредно документација за своето работење;
- Достапност на печат, лозинки и документи на членовите на УО и членовите на конвивиумот.

Забелешка: Доколку конвивиумот го носи името на градот (општината) или градот Скопје, иницијативата пред основачкото собрание треба да поднесе Барање за одобрување на користењето на името на општината. Одобрувањето од страна на Советот на општината е според членот 9 од Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и истото е потребно за регистрацијата на здружението во Централен регистар на РМ.



5.АКТИВНОСТИ НА КОНВИВИУМОТ

Активностите на конвивиумот се многу важни во промоцијата и градење на препознатливоста на Слоу Фуд во локалната заедница, бидејќи тие им овозможуваат на членовите да се сретнат и да ја споделат страста која нив ги поврзува. Следните наброени активности се чести типови на активности кои ги организираат конвивиумите, со цел да придонесат за реализирање на филозофијата на Слоу Фуд на локално ниво:

- Дегустации и вечери со добри, чисти и правични производи со нагласување на производите од Арката на вкусови од регионот;
- Настани на кои се канат производители за да се сретнат со членови и/или локални настани и промоции пред членовите и јавноста;
- Теренски посети за студенти, до пазари на фармери, фарми и производители;
- Училишни градини во основни училишта;
- Сензорна едукација за храна и вкусови со деца, млади и возрасни;
- Мастер курсеви за храна
- Гастрономски тури: посети до локални фарми, занаетчии за храна, специјализирани продавници, и винарии;
- Часови за готвење и курсеви за едукација за вкус;
- Хуманитарни настани: аукции, вечери, лотарии, итн., за прибирање на фондови за проекти на кои работи конвиивумот или во рамки на национални или меѓународни кампањи;
- Размени на искуства и соработка со други конвивиуми;
- Конференции и предавања во однос на прашања за храната;
- Работилници за градење на капацитетите на членовите на конвивиумот за реализација на одредени активности и кампањи;

Повеќе за методологијата на организација на локалните активности и конкретни примери за активности во конвивиумите од целиот свет може да се најдат во **Водичот за активности во конвивиуми.**





6.КООРДИНАЦИЈА И ПОДДРШКА ОД НАЦИОНАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во согласност со Статутот на Слоу Фуд Македонија, Статутот на конвивиумот, Протоколот на конвивиумот, конвивиумот има обврска за своето делување да се координира со националната организација. Националната организација во координација со конвиивумот, дава поддршка и работи на следните задачи:

- ја координира работата на конвивиумот при неговото основање, донесување на статут и потпишување на протокол;
- го поддржува конвивиумот во неговиот развој и градење на капацитети;
- ја помага и надгледува работата на конвивиумот, начинот на реализација на активностите;
- дава менторска поддршка при примена и адаптација на меѓународните и националните програми во делувањето на конвивиумот;
- дава техничка поддршка во организација на настани;
- дава насоки и мониторинг на правилната употреба на логото;
- овозможува финансиска поддршка од членарината и други фондови;
- поддршка во подготовка на проектни апликации и барања за донации и спонзорства;
- конвиивумот е должен редовно да ги доставува до националната организација записниците од одржаните годишни собранија и подготвените и усвоени годишни извештаи за реализираните активности.
- лидерот на конвивиумот е член на Националниот совет каде дава предлози и учествува во носењето на одлуки за националната мрежа.



7. ПРИЛОЗИ

Овој водич за основање на конвивиум е алатка која ве води во процесот на основање на конвивиум и потребните адиминстративни чекори и процедури на Слоу Фуд Македонија и меѓународната организација Слоу Фуд.
Процедурата ги вклучува подготовка на следните документи кои ќе ги добиете како шаблони од националнатата организација Слоу Фуд Македонија.

Потребни документи за разгледување и подготовка при регистрацијата на конвивиумот во Регистарот на Слоу Фуд:

1. Барање за основање на конвивиум;
2. Протокол за конвивиум (на македонски јазик);
3. Протокол за конвивиум (на англиски јазик);
4. Водич за употреба на логоа на Слоу Фуд;
5. Водич за прибирање на фондови во Слоу Фуд;
6. Формулар за зачленување во Слоу Фуд;
7. Официјална форма за евидентирање на членовите во конвивимот;
8. Статут на меѓународната организација Слоу Фуд;
9. Статут на Националната организација Слоу Фуд Македонија;
10. Водич за активности на конвиивуми.

Потребни документи за упис за основање на здружение на граѓани Централниот регистар на Република Македонија:

1. Акт за основање;
2. Статут на конвивиум;
3. Програма за дејствување;
4. Одлука за избор на органите и податоци за членовите на органите;
5. Одлука за избор на застапник по закон со неговите податоци;
6. Записник од основачкото собрание или извештај за основање;
7. Изјава заверена кај нотар потпишана од застапникот со која се потврдува дека вршењето на дејноста е во согласност со закон и дека се исполнети условите за упис;
8. Фотокопија од лична карта на основачите;
9. Извод од регистар – за основач странско правно лице;

10. Фотокопија од лична карта за застапникот по закон или застапниците по закон на здружението;
11. Одобрение од Министерството за правда доколку во името на здружението е содржан зборот „Македонија“ и зборовите изведени од него како и неговите кратенки;
12. Одобрение од надлежниот орган на општината односно градот Скопје ако во името на здружението се содржани зборови со името на општината односно градот Скопје;
13. Пријава ПО образец;
14. Надоместок од 2.450,00 денари, уплатени на жиро сметка на Централен регистар:
    - Адреса: www.crm.org.mk
    - ЕДБ: 4030001425480
15. Одобрение од Советот на општината за користење на името на општината во името на Здружението (во случај кога името на конвивиумот го „носи“ името на општината)

Контактирајте со Слоу Фуд Македонија:

Адреса:
Слоу Фуд Македонија
Ул. Климент Охридски 33/35
7000 Битола
Македонија

info@slowfood.mk
www.slowfood.mk